ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 054
Централа.: 02 3289 054
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

TÜV AUSTRIA
CERTIFIED
EN ISO 9001
CERTIFICATE NO. 20 100 131352879
TÜV AUSTRIA CERT GMBH

Датум: 30 јуни 2015

# СООПШТЕНИЕ

## Соопштение за аптекарски станици

Би сакале да ве информираме дека Фондот за здравствено осигурување вчера потпиша договор со нови аптеки, аптекарски станиции и подвижни аптеки, вкупно 21, на територијата на Република Македонија. За сите нови договорни партнери, утврдивме квоти кои почнуваат да важат од 1 јули 2015.




Од новите потпишани договори, 5 се подвижни аптеки, чија цел е снабдување со лекови во рурални средини со најмалку еден здравствен работник, фармацевтски техничар. Новите 5 подвижни аптеки се за следниве подрачја: село Врапчиште – Гостивар (покрива 29 населени места); село Ростуше, општина Маврово (покрива 64 населени места); село Могила, општина Могила (покрива 115 населени места); општина Боговиње – Тетово (покрива 17 населени места); село Брвеница, општина Тетово (покрива 35 населени места). Населението кое е опфатено со 5-те нови подвижни аптеки и бројот на граѓани кои ќе имаат олеснет пристап до лекови изнесува 33,786 граѓани. Вкупната годишна квота која Фондот ќе ја издвојува за овие аптеки е 3,8 милиони денари.

Потпишани се договори за нови 13 аптекарски станици за следниве населени места: село Горно Оризари - Битола; село Пирава - Валандово; село Мелница, општина Чашка; село Блатец – Виница; село Градец – Виница; село Негорци – Гевгелија; село Ваташа - Кавадарци; село Ткрање, општина Кочани; село Црнилиште -општина Долнени; село Црешево - општина Гази Баба; село Шишево -

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 054
Централа.: 02 3289 054
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

TÜV AUSTRIA
CERTIFIED
EN ISO 9001
CERTIFICATE NO. 20 100 131352879
TÜV AUSTRIA CERT GMBH

Скопје; Кондово – Скопје; село Милетино, општина Брвеница - Тетово. Годишната квота која Фондот ќе ја издвои за новите 13 аптекарски станици е 7,8 милиони денари.

Дополнително, вкупната вредност на квотите за 46-те аптекарски станици со кои Фондот претходно потпиша договори изнесува 31,4 милиони денари годишно. Односно, за вкупниот број на досега склучени 59 договори со аптекарски станици и 5 договори со подвижни аптеки, Фондот обезбедува 43 милиони денари.




Исто така, Фондот склучи договор и со една рурална аптека во село Обршани, општина Кривогаштани. Истовремено, склучени се и 2 нови договори со аптеки кои добиле лиценца за работа во мрежата утврдена од Министерството за здравство во Кичево и во Тетово.

Населението кое е опфатено со придобивките од склучените договори со нови аптекарски станици во рурални средини е преку 50.000 осигуреници. Со овој проект обезбедуваме континуирана примарна здравствена заштита на осигурениците и полесна достапност до лекови. Со претходно потпишаните 46 договори за аптекарски станици ја зголемивме достапноста на лекови поблиску до местото на живеење на преку 180 илјади граѓани, а исто така голем број граѓани ќе можат да подигнат лекови на товар на ФЗОМ преку подвижни аптеки.

ФЗОМ годишно издвојува значителна сума од 2 милијарди и 450 милиони денари за лекови наменети за **граѓаните во земјава. Средствата се распределени на вкупно 768 аптеки кои во моментов имаат активен договор.**

**Да сумираме, за вкупно 67 аптеки, аптекарски станици и подвижни аптеки, придобивките од потпишувањето на овие нови договори се значајни за повеќе од 180.000 граѓани кои живеат во рурални средини, па така истите им овозможуваат заштеда на пари и време за набавка на неопходните лекови. Воедно со тоа овозможуваме и отворање на нови работни места.**